# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА КОНТРОЛА НА МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ (МЛО) И АКЦИОНЕН ПЛАН 2017 – 2021 (РЕВИДИРАНА ВЕРЗИЈА)

ноември, 2018

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД....3
1.1. ОПШТ ДЕЛ....3
1.2. ДЕФИНИРАЊЕ....8
2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА СО МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА....10
2.1. Податоци од Царинска управа....10
2.2. Податоци од Министерство за внатрешни работи....11
3. ЦЕЛ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА КОНТРОЛА НА МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ....14
3.1. СПРОВЕДУВАЊЕ КОНТРОЛА НА ПРОМЕТ И ПРОИЗВОДСТВО НА ЛЕГАЛНО ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА....15
3.2. БОРБА ПРОТИВ НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ И СПРЕЧУВАЊЕ НА ВООРУЖЕНИ ИНЦИДЕНТИ, ПРОЛИФЕРАЦИЈА, ДИВЕРЗИЈА И ИЛЕГАЛНО ПОСЕДУВАЊЕ....15
3.3. СОРАБОТКА И КООРДИНАЦИЈА НА НАЦИОНАЛЕН, РЕГИОНАЛЕН И МЕЃУНАРОДЕН ПЛАН....17
3.4. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ВО БОРБА ПРОТИВ НЕЛЕГАЛНАТА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ....17
3.5. НАМАЛУВАЊЕ НА ПОНУДАТА, ПОБАРУВАЧКАТА И ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ ПРЕКУ ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА, ОБРАЗОВАНИЕ, ИНФОРМИРАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ....17
4. НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА МЛО....18
4.1. Улога на Националната комисија за МЛО....18
4.2. Задачи на Националната комисија за МЛО....18
4.3. Состав на Националната комисија за МЛО....19
5. НАДЗОР И ОЦЕНУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА....20

# 1. ВОВЕД

## 1.1. ОПШТ ДЕЛ

Заложбата на Владата на Република Македонија е да изврши превенција, контрола и искоренување на пролиферацијата на нелегалното оружје во согласност со регионалните и меѓународните иницијативи, стандарди и документи за контрола на оружјето, муницијата и експлозивните материи. Со цел доследно и целосно спроведување на заложбите на Владата, Националната комисија за мало и лесно оружје настојува да ја реализира својата примарна задача, координација на активностите на сите инволвирани страни (државни и невладини органи и организации) како и на мноштвото меѓусебно поврзани фактори кои го одредуваат видот на интервенцијата за контрола на мало и лесно оружје, согласно регионалните и меѓународните иницијативи, стандарди и документи за контрола на оружјето, муницијата и експлозивните материи.

Република Македонија учествува во Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Европската унија и активностите на НАТО, врз основа на својата политичка определба да ги сподели целите и приоритетите на оваа значајна заедничка политика на земјите-членки на Европската унија и НАТО и пред членството во истите. Република Македонија, врз основа на идентични вредности на надворешно - политички план со Европската унија и НАТО, на овој начин сака да даде свој придонес во промоцијата на мирот и стабилноста на глобален план како и во изградба на мирот и пост - конфликтна стабилизација преку учеството во Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) на Европската унија и активностите на НАТО.

Како членка на ОН, Македонија во континуитет презема активности за реализирање на обврските кои што произлегуваат од релевантните конвенции и други документи во областа на контролата на оружје и непролиферацијата на мало и лесно оружје.

<u>Во таа насока Република Македонија во домашната регулатива доследно и целосно ги имплементира следните меѓународни документи:</u>

- Програмата за акција на Обединетите нации (2001 година)[1] и документот на ОБСЕ за мало и лесно оружје (усвоен 2000 година и повторно издаден 2012 година),

- Протоколот за борба против недозволена трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција ратификуван од страна на

---

1

*Документ на Обединетите нации A/CONF.192/15, New York, јули 2001.*

Република Македонија на 10.07.2007 година, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации за борба против транснационалниот организиран криминал, ратификувана на 12.01.2005 година,

- Меѓународниот инструмент за следење (ITI),

- Договорот за трговија со оружје ратификуван на 23.01.2014 година.[2]

Воедно, како членка на ОБСЕ, Република Македонија ги имплементира и сите обврски кои произлегуваат од Документот за мало и лесно оружје усвоен од страна на Форумот за безбедносна соработка на ОБСЕ во 2000 година.

На 5 јули 2010 година, Владата на Република Македонија донесе Одлука за усвојување на Заедничката позиција на Советот на Европската унија 2008/944/CFSP за одредување на заедничките правила со кои се регулира контролата на извозот на воена технологија и опрема.

Исто така, Република Македонија ја имплементира и Директивата на Советот 91/477/ЕЕЗ од 18 јуни 1991 година за контрола на набавување и поседување оружје и измените со Директивата 2008/51/ЕЗ од 21 мај 2008 година за контрола на набавување и поседување оружје, а во рамките на активностите предвидени со Акциониот план 2017-2021 е предвидено и усогласување со Директива (ЕУ) 2017/853 на Европскиот парламент и на Советот од 17 мај 2017 година за изменување на Директивата 91/477/ЕЕЗ на Советот за контрола на стекнување и поседување оружје.

Со измените и дополнувањата на Законот за оружјето во 2018 година, целосно беа опфатени одредбите од Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2015/2403 на Комисијата од 15 декември 2015 година, за утврдување на заеднички упатства за стандарди и техники за деактивирање на оружје со цел да се осигури дека деактивираното огнено оружје станува неповратно онеспособено, а понатаму ќе следи усогласување на правната рамка и со Регулатива (ЕУ) 2018/337 од 05 Март 2018 година за изменување на Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2015/2403 на Комисијата од 15 декември 2015 година, за утврдување на заеднички упатства за стандарди и техники за деактивирање на оружје со цел да се осигури дека деактивираното огнено оружје станува неповратно онеспособено.

Во меѓувреме, Европската унија ја усвои Регулативата 258/2012 во борбата против недозволената трговија со оружје низ подобро следење и контрола на извозот на цивилното огнено оружје од Европската унија, вклучувајќи ги мерките за увоз и транзит, како и Одлуката на Советот 2015/1908/ЗНБП од 22 октомври 2015 година за поддршка на глобалниот механизам на известување за незаконското мало и лесно оружје и другите

[2] *Закон за ратификација на договорот за трговија со оружје, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.13 од 23.01.2014 година*

незаконски конвенционални оружја и муниција, како би се намалила опасноста од незаконска трговија со истите. Потоа, имајќи ја во предвид Европската програма за безбедност, Советот на Европската унија на 8 октомври 2015 година ги повика државите членки, Комисијата, Европол и Интерпол да ја зајакнат употребата на средства за борба против трговијата со огнено оружје. За таа цел во декември 2015 година е донесен Акциониот план на Европската унија за борба против незаконската трговија со огнено оружје и експлозиви и нивна употреба и Акционен план против незаконска трговија со огнено оружје помеѓу Европската унија и земјите на Југоисточна Европа (за период од 2015 до 2019 година).

Република Македонија ја потпиша и Женевската декларација за вооружено насилство и развој во 2009 година, усвоена на 7 јули 2006 година, со посебен акцент на член 16 точка 4, во насока на промоција на мирни и инклузивни општества или одржлив развој, обезбедување пристап до правдата за сите, со цел да се изградат ефикасни, одговорни и инклузивни институции на сите новоа, со тенденција до 2030 година значително да се намалат нелегалните финансиски текови, како и борба против сите форми на организиран криминал.

Република Македонија го следи и почитува имплементирањето на Резолуција на Советот за безбедност на Обединетите нации 1325: Жени, мир и сигурност и Резолуцијата 1612 (2005) донесена од страна на Советот за безбедност на Обединетите нации на 26 јули 2005 година.

Понатаму, со цел усогласување со европската регулатива, во 2017 година на предлог на Националната комисија за мало и лесно оружје се формира работна група со цел изготвување нов предлог текст на закон од досегашните два закони Законот за промет со експлозивни материи и Законот за заштита од експлозивни материи, кои ќе се усогласат со следните директиви: - Директива на Комисијата 2008/43/ЕЗ од 4 април 2008 година за утврдување систем за идентификација и следливост на експлозиви за цивилна употреба во согласност со Директива 93/15/ЕЕЗ на Советот; - Директива 2012/4/ЕУ на Комисијата од 22 февруари 2012 година за изменување на Директива 2008/43/ЕЗ за воспоставување на систем за идентификација и следење на експлозиви за цивилна употреба во согласност со Директива 93/15/ЕЕЗ на Советот; - Директива 2013/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 12 јуни 2013 година за усогласување на законодавството на земјите членки во однос на достапноста на пиротехнички средства на пазарот (преработена верзија); - Директива 2014/28/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 26 февруари 2014 година за усогласување на законодавството на земјите членки во однос на достапноста на експлозиви за цивилна употреба на пазарот и нивен

надзор (преработена верзија); - Директива за спроведување 2014/58/ЕУ на Комисијата од 16 април 2014 година за воспоставување, во согласност со Директива 2007/23/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот, на систем за следење на пиротехничките средства и - Регулатива (ЕУ) бр. 98/2013 на Европскиот парламент и на Советот од 15 јануари 2013 година за продажба и употреба на експлозиви прекурзори.

Под покровителство на Сојузното министерство за надворешни работи на СР Германија, Европската унија и Советот за регионална соработка, SEESAC организираше Регионален состанок на високо ниво на заменицитe министри за внатрешни и надворешни работи од Тирана, Сараево, Приштина, Кишињев, Подгорица, Белград и Скопје на 1 февруари 2018 година во Подгорица, Црна Гора.

На состанокот беше потврдена експлицитната политичка заложба на сите актери во регионот за засилената контрола на лесното оружје и спречување на неговото ширење, што беше потврдено со усвојувањето на Заедничка изјава. Освен тоа, согледувајќи дека ширењето и недозволената трговија со огнено оружје и муниција претставуваат постојана закана по внатрешната безбедност, властите од регионот се обврзаа да изработат Патоказ за изнаоѓање одржливо решение за незаконското поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје (МЛО)/огнено оружје и муниција за истото во Западен Балкан.

Целта на овој Патоказ е да послужи како документ подготвен и во сопственост на регионалните власти со кој се согласни сите и кој ќе обезбеди насоки во изнаоѓањето одржливо решение за незаконското поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје (МЛО)/огнено оружје и муниција во Западен Балкан. Овој документ е сведоштво за постигнатиот консензус меѓу сите засегнати страни во регионот за тековните предизвици, општите цели што треба да се постигнат, како и временската рамка на активностите што треба да се преземат.

Овој документ претставува и инструмент за мерење на напредокот и е водич за поорганизирана и синергиска поддршка на регионот во оваа област, што води до ефикасно и ефективно користење на донаторските ресурси. Патоказот ќе биде ставен во употреба преку прилагодени акциски планови, кои ќе бидат интегрирани и ќе ги поддржат постојните Стратегии за МЛО/огнено оружје и националните акциски планови со мерливи цели и конкретни индикатори во однос на кои ќе може да се мери напредокот на локално и регионално ниво.

Патоказот беше подготвен врз основа на Заедничката изјава на заменициte министри за внатрешни работи и заменициte министри за надворешни работи од Југоисточна Европа и елементите за Патоказот,

усвоени на состанокот во Подгорица. Дополнително, се одржаа консултативни состаноци со комисиите за мало и лесно оружје во целиот регион, обезбедувајќи регионална сопственост и одржливост на резултатите. Во обид да се обезбеди сеопфатен пристап и целосна сопственост на предвидените мерки се одржаа консултации со локалните заедници, претставниците на граѓанското општество, како и регионалните и меѓународните партнери.

Успешното спроведување на Патоказот бара заеднички напори на властите од Западен Балкан, како и навремена, насочена и координирана поддршка од меѓународните партнери и донатори.

На 28-29 мај 2018 година, властите од земјите од Западен Балкан се состанаа во Тирана, на 9-от Регионален состанок на комисиите за МЛО/огнено оружје , каде ја консолидираа финалната нацрт верзија и ја презентираа пред Сојузното министерство за надворешни работи на Германија, за да биде вклучена во агендата на Берлинскиот процес. Официјалното усвојување на овој документ се случи на Самитот на ЕУ и Западен Балкан во Лондон, којшто се одржа на 10 јули 2018 година.

Употребата и достапноста на нелегалното мало и лесно оружје го нарушува владеењето на правото, ја зголемува стапката на криминал, влијае врз стабилноста на земјата и претставува пречка на општествениот и економскиот развој.

Мноштвото поврзани фактори кои го одредуваат видот на интервенцијата за контрола на мало и лесно оружје и подоцнежниот резултат, бара инволвираност на голем број организации во тој процес. Нивните заложби треба да бидат планирани, координирани и/или водени, за да се помогне имплементирањето на Националниот акционен план. Координацијата е една од примарните задачи на Националната комисија за мало и лесно оружје, која е ентитет на национално ниво, дава совети, ја координира и набљудува имплементацијата на Националната стратегија за контрола мало и лесно оружје и Акциониот план.

Контролата на мало и лесно оружје се однесува на оние активности кои заедно се стремат кон намалување на социјалните, економските и еколошките последици од неконтролираната пролиферација и поседување на мало и лесно оружје. Истите опфаќаат: контрола на граничните премини, законодавни и регулаторни мерки, стратегии за подигнување на јавната свест за мало и лесно оружје, активности за собирање и уништување на мало и лесно оружје, управување со информации и управување со залихите на мало и лесно оружје и сите други активности насочени кон намалување на пролиферацијата на мало и лесно оружје.

1.2. ДЕФИНИРАЊЕ

Во домашната и меѓународната стручна литература не постои утврдена меѓународна дефиниција за мало и лесно оружје (МЛО). Практичната примена и големата употреба но и злоупотреба на оружјето а посебно на малото и лесно оружје ја наметнаа потребата од негово законско регулирање, а пред се негово дефинирање.

Во 90 - тите години, Група на владини експерти на Обединетите нации за малокалибарско оружје излегоа со она што тие го нарекуваат ‘дефиниција’, но всушност тоа е некомплетна листа на видови оружје, што е потешкотија да се користи во каква било дипломатска и оперативна средина. Оваа „дефиниција“ ги сместува МЛО во три категории:

*Мало оружје*: Револвери и саморепетирачки (полуавтоматски) пиштоли; пушки и карабини; полуавтоматски пушки (SMG); јуришно оружје (автоматско оружје) и лесни митралези (LMG).

*Лесно оружје*: Тешки митралези (HMG); монтирачки гранатен фрлач кој се монтира под цевката на пушката; преносливо противвоздушно оружје; преносливо противоклопно оружје; безповлечно оружје; преносливи лансири на противоклопни проектили и ракетни системи; преносливи лансири на противвоздушни ракетни системи и минофрлачи (калибар помал од 100 мм).

*Муниција и експлозиви:* Куршуми (рамки) за мало оружје; гранати и проектили за лесно оружје; преносливи контејнери со проектили или гранати за една употреба и противвоздушни и противоклопни системи; противпешадиски и противоклопни гранати; нагазни мини и експлозиви.

Генерално, прифатено е дека терминот МЛО се однесува на оружје и муниција со калибар помал од 100 мм. Тука влегуваат не само пушките со жлебови, пиштолите и автоматските оружја туку и минофрлачи, рачни противвоздушни минофрлачи (МАНПАДС), рачни противоклопни ракети, конвенционални експлозиви и детонатори.

Во Југоисточна Европа моментално се користи следната дефиниција за мало и лесно оружје: “Целокупното смртоносно конвенционално оружје и муниција кои можат да се носат од страна на поединец или лесно возило и за кои не се потребни дополнителна логистичка поддршка и капацитети за одржување.

Како појаснување може да се истакне дека под *мало оружје* се подразбира рачно огнено оружје со мал калибар, односно пиштоли, пушки, сачмарки, карабини, сите видови на полуавтоматско, како и сите видови на автоматско оружје и преносни митралези, додека под *лесно оружје* се

подразбира широк спектар на огнено оружје од среден калибар и експлозивни направи, вклучувајќи ги и од луѓето преносливите или на возила монтирани противпешадиски, противоклопни и противвоздушни ракети, проектили, гранати, ракетни лансири, мини, противвоздушни митралези, минофрлачи, рачни фрлачи на ракети/ гранати (RPGs) и сл.

Имајќи го предвид наведеното може да кажеме дека во рамките на „small arms" односно „мало оружје", се смета она оружје кое е наменето за лична употреба што може да се користи самостојно од страна на еден човек, додека за "light weapons" односно „лесно оружје" се смета она оружје кое е наменето за употреба од страна на неколку лица кои служат како членови на екипажот. Воедно, во мало и лесно оружје, влегуваат и сите видови на муниција поврзани со ваквите видови оружја, вклучувајќи гранати, ракети, проектили, гранати и преносни воздушни одбранбени системи (MANPADS).

Според Меѓународниот инструмент за следење (ITI): под мало и лесно оружје се подразбира секое смртоносно оружје кое се носи од еден човек што испукува или исфрла или е дизајнирано да испукува или исфрла или може лесно да се преправи да испукува или исфрла куршум, или проектил со користење на дејството на барутните гасови вклучувајќи ги и старинските мали и лесни оружја и нивните реплики. Старинските мали и лесни оружја и нивните реплики треба да бидат дефинирани согласно домашното законодавство и во никој случај не треба да го опфатат оружјето кое е произведено после 1899 година.

а) под „мало оружје" во поширока смисла се подразбира секое оружје наменето за индивидуална употреба вклучувајќи ги меѓу другото и револверите и полуавтоматски и автоматски пиштоли, пушки и карабини, митралези, јуришни пушки (автоматски пушки) и лесни митралези;

б) под „лесно оружје" во поширока смисла се подразбира
секое оружје наменето за употреба од две или три лица кои го опслужуваат како членови на екипаж, иако некои од нив може да се носат и употребуваат од страна на едно лице. Меѓу другото, тука влегуваат: тешки митралези, рачни под цевката и монтирачки лансери за гранати, преносливи противвоздушни оружја, преносливи противтенковски оружја, безповлечни оружја, преносливи лансери на противоклопни проектили и ракетни системи, преносливи лансери на противвоздушни проектили и минофрлачи со калибар помал од 100 милиметри.

Што се однесува до терминот „пролиферација", истиот подразбира недозволена трговија и транзит на мало и лесно оружје, неговите компоненти и муницијата низ територијата на една држава, како и развој, производство, набавка и употреба на мало и лесно оружје и употреба од

страна на авторитарни режими, криминални терористички групи или поединци со цел предизвикување жртви и уништување на материјални добра.

## 2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА СО МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Република Македонија ја донесе првата Стратегија за контрола на мало и лесно оружје во 2005 година, а при нејзиното имплементирање правната рамка во голем дел беше усогласена со релевантните европски стандарди и регулативи.

Во текот на спроведувањето на целите и задачите утврдени во претходната Стратегија, од страна на институциите во Република Македонија задолжени за контрола на мало и лесно оружје, беа преземени соодветни активности чии резултати се гледаат според следните статистички податоци:

### 2.1. Податоци од Царинска управа

Нелегално оружје откриено на гранични премини

| Вид/година | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оружје (огнено, ловно и гасно) | 4 | 3 | 2 | 14+20 рачни бомби | 4 | 8 | 10 |
| Муниција | 180 | 219 | 380 | 7132 | 596 | 45 | 711 |
| Петарди | / | 1414 | 1812 | / | 268 | 126 | 40 |

Сторени кривични дела и прекршоци по576Царински закон, од кои само еден прекршок од 2010 година е сторен од страна на жена.

| Вид/година | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кривични дела | 1 | 4 | 5 | 3 | 1 | 4 | 3 |
| Прекршоци | 2 | / | / | 3 | 3 | 5 | 4 |

## 2.2. Податоци од Министерство за внатрешни работи

**Кривични дела и сторители од областа на недозволена трговија со оружје од 2012 до 2017 година**

| Кривични дела и сторители по пол | Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи - член 396 | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2012 | | | 2013 | | | 2014 | | | 2015 | | | 2016 | | | 2017 | | |
| | дела | сторители | | дела | сторители | | дела | сторители | | дела | сторители | | дела | сторители | | дела | сторители | |
| | | мажи | жени | | мажи | жени | | мажи | жени | | мажи | жени | | мажи | жени | | мажи | жени |
| | 178 | 208 | 7 | 205 | 224 | 11 | 224 | 227 | 7 | 196 | 211 | 5 | 171 | 174 | 8 | 130 | 130 | 10 |

**Прекршоци, сторители и одземено оружје од 2012 до 2017 година**

| 2012 | | | 2013 | | | 2014 | | | 2015 | | | 2016 | | | 2017 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| барања за ПП | сторители | одземено оружје | барања за ПП | сторители | одземено оружје | барања за ПП | сторители | одземено оружје | барања за ПП | сторители | одземено оружје | барања за ПП | сторители | одземено оружје | барања за ПП | сторители | одземено оружје |
| 429 | 455 | 229 | 414 | 428 | 229 | 265 | 274 | 150 | 167 | 172 | 91 | 207 | 218 | 92 | 192 | 192 | 48 |

**Запленети количини оружје, муниција и експлозив од 2012 до 2017 година**

| Запленети количини оружје, муниција и експлозив | Видови оружје и муниција изразено во парчиња | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2012 | | | | | | 2013 | | | | | | 2014 | | | | | |
| | Пиштоли и револвери | Разни видови пушки | Останати парчиња оружје | Вкупно парчиња оружје | Муниција | Експлозив во килограми | Пиштоли и револвери | Разни видови пушки | Останати парчиња оружје | Вкупно парчиња оружје | Муниција | Експлозив во килограми | Пиштоли и револвери | Разни видови пушки | Останати парчиња оружје | Вкупно парчиња оружје | Муниција | Експлозив во килограми |
| | 88 | 63 | 27 | 178 | 8.682 | 54 | 103 | 57 | 25 | 185 | 10.769 | 19 пакувања | 106 | 60 | 19 | 185 | 9.919 | 3 кг и 80 грама |

| Запленети количини оружје, муниција и експлозив | Видови оружје и муниција изразено во парчиња | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | | | | | | 2016 | | | | | | 2017 | | | | | |
| | Пиштоли и револвери | Разни видови пушки | Останати парчиња оружје | Вкупно парчиња оружје | Муниција | Експлозив во килограми | Пиштоли и револвери | Разни видови пушки | Останати парчиња оружје | Вкупно парчиња оружје | Муниција | Експлозив во килограми | Пиштоли и револвери | Разни видови пушки | Останати парчиња оружје | Вкупно парчиња оружје | Муниција | Експлозив во килограми |
| | 106 | 125 | 13 | 244 | 22.792 | 0,8 | 59 | 59 | 17 | 134 | 4.995 | 0,654 | 100 | 53 | 37 | 190 | 9.718 | |

*Кривични дела и запленето оружје и муниција на гранични премини од страна на Гранична полиција*

| Вид/Година | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на кривични дела | 1 | 5 | 8 | 11 | 15 | 8 |
| Број на парчиња огнено оружје или муниција-запленети на гранични премини | 7 куршуми | 5 парчина и 28 куршуми | 3 парчиња, 1 гасен пиштол и 174 куршуми | 0 | 58 куршуми | 8 куршуми |




*Графикон бр.1: Број на дела и заплени по години*




*Графикон бр.2: Сторители на кривични дела според полот*




*Запленети пиштоли и револвери во вкупно запленети количини на оружје*

Состојбата и анализата на криминалитетот во Република Македонија не завршува со обезбедување на статистички податоци од погоре наведените министерства и државни органи туку неопходно е активно вклучување и на надлежните јавни обвинителства и надлежните судови. Имено, од страна на надлежните ОЈО ќе се обезбедуваат податоци за процесуирање на кривичните дела, а од надлежните судови за исходот на постапките, односно видот и висината на изречените кривични санкции и воопшто казнената политика на судот.

Овие податоци се релевантни од аспект на оценување на ефикасноста на надлежните државни органи во санкционирање на овој вид на криминал, како и подигање на јавната свест на граѓаните за сериозноста од вршење на ваков вид криминал и строгите казни предвидени за сторителите на кривични дела од ваков вид.

## 3. ЦЕЛ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА КОНТРОЛА НА МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ

Националната стратегија за контрола на мало и лесно оружје претставува општа рамка на активности на Република Македонија насочени кон контрола, превенција и искоренување на пролиферацијата на малото и лесно оружје и неговите компоненти, како и муницијата. Истата претставува водич за унапредување на постоечките, како и за развој на нови мерки, механизми и инструменти за контрола, превенција и искоренување на пролиферацијата на малото и лесно оружје и неговите компоненти, како и муницијата.

ОПШТА ЦЕЛ

Да се создаде побезбеден амбиент и контрола на малото и лесно оружје во општеството со цел да се унапредат условите за подобрување на општата безбедност во Република Македонија.

СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

## 3.1 СПРОВЕДУВАЊЕ КОНТРОЛА НА ПРОМЕТ И ПРОИЗВОДСТВО НА ЛЕГАЛНО ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА

3.1.1 Воспоставување законска и подзаконска рамка во врска со огненото оружје, муницијата и експлозивите за цивилна и за воена употреба (вклучително и легално поседување, деактивирање, складирање, производство, малопродажба, трговија, транзит, увоз-извоз, обука, обележување, неконвертибилно оружје, пронаоѓање, водење евиденција и надзор) и нејзино усогласување со стандардите на ООН, ОБСЕ и ЕУ;

3.1.2 Усогласување на категоризацијата на оружје и релевантната законска рамка, што придонесува за директна оперативна соработка;

3.1.3 Национална контрола врз прометот и производството на мало и лесно оружје и експлозиви за цивилна употреба;

3.1.4 Национална контрола врз увозот, извозот и транзитот на мало и лесно оружје, како и контрола врз посредувањето на трговијата со оружје, експлозиви за цивилна употреба и прекурзори;

3.1.5 Унапредување на капацитетите и способностите за обележување, пронаоѓање и водење евиденција на МЛО;

3.1.6 Целосно интегрирање на прашањата на родот и возраста во политиките за контрола на МЛО/огнено оружје и обезбедување значајно учество на жените во контролата на МЛО/огнено оружје;

3.1.7 Имплементација на ново софтверско решение за регистрација на оружје и издавање на дозволите за оружје на правни и физички лица, како и воспоставување комјутеризиран систем за евидентирање на дозволите за увоз, извоз и транзит и систем за on-line следење на оружјето кое се наоѓа на територијата на Република Македонија со вклучување на магацините за оружје на правните лица;

3.1.8 Информирање за активностите на Националната комисија за контрола на мало и лесно оружје/Зајакнување на нејзината улога.

## 3.2 БОРБА ПРОТИВ НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ И СПРЕЧУВАЊЕ НА ВООРУЖЕНИ ИНЦИДЕНТИ, ПРОЛИФЕРАЦИЈА, ДИВЕРЗИЈА И ИЛЕГАЛНО ПОСЕДУВАЊЕ

3.2.1 Следење и анализа на состојбата на криминалитетот поврзан со оружјето, муницијата и експлозивите, со податоци распределени по род и возраст;

3.2.2 Зголемување на националните аналитички капацитети и институционализирање на анализата на податоци за огнено оружје;

3.2.3 Институционализирање на систематското собирање кривично - правосудни податоци во секторот на кривичното правосудство (полиција и царина, обвинителство, судови и казнено-поправни установи)/Воспоставување систем за собирање на податоци во сите засегнати институции во врска со дистрибуцијата на последиците од огнено оружје;

3.2.4 Обезбедување размена на оперативни и стратешки информации, податоци, разузнавачки информации, како и докази со Европол, Фронтекс, Еуроџаст и Интерпол;

3.2.5 Зголемување на капацитетите на судството и обвинителството за истрага, гонење и судење на кривични дела поврзани со огнено оружје;

3.2.6 Намалување и прекинување на трансферот и недозволената трговија, вклучувајќи го и криминалитетот со оружје на интернет – dark web / Зголемување на капацитетите за откривање, идентификување и истражување заради спречување на трговија со огнено оружје, муниција и експлозиви;

3.2.7 Значително зголемување на бројот на запленети парчиња огнено оружје, муниција и експлозиви / Зголемување на капацитетите за полициска работа заснована на разузнавачки информации во однос на нелегалното поседување на огнено оружје/МЛО;

3.2.8 Уништување на пронајдено, запленето и конфискувано оружје, муниција и експлозиви / Систематско и јавно уништување на целото конфискувано огнено оружје, муниција и експлозив;

3.2.9 Унапредување на начинот на управување со залихи, намалување на вишоците и нивно уништување на еколошки безопасен начин, во согласност со IATG и/или други меѓународни стандарди;

3.2.10 Воспоставување на национална точка за размена на оперативни информации за оружје во согласност со Акциониот план на Европската унија;

3.2.11 Спроведување акции за доброволно предавање и собирање на оружје и негова легализација;

3.2.12 Подигнување на свеста за деактивирањето како средство за легализација на огненото оружје со цел намалување на недоволеното поседување на огнено оружје;

3.2.13 Зголемување на административните капацитети и насочени активности за целосно пререгистрирање во предвидениот законски временски рок, како и осврнување на соодветно пронајденото и наследено огнено оружје;

3.2.14 Координирани активности на собирање податоци во случај на семејно насилство поврзано со употреба или закана со оружје.

## 3.3 СОРАБОТКА И КООРДИНАЦИЈА НА НАЦИОНАЛЕН, РЕГИОНАЛЕН И МЕЃУНАРОДЕН ПЛАН

3.3.1 Соработка со релевантни национални, регионални и меѓународни организации / Зајакнување на билатералните, регионалните и меѓународните механизми;
3.3.2 Поднесување извештаи до национални, регионални и меѓународни организации;
3.3.3 Имплементација, изменување и дополнување на билатерални и меѓународни договори;

## 3.4 ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ВО БОРБА ПРОТИВ НЕЛЕГАЛНАТА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ

3.4.1 Учество во релевантни тренинг центри од регионален и меѓународен карактер;
3.4.2 Учество на регионални и меѓународни конференции и семинари во областа на мало и лесно оружје;
3.4.3 Стручни обуки во областа на мало и лесно оружје;
3.4.4 Анализа на потребата од набавка на соодветна техничка опрема за ефикасна борба против нелегалната трговија со оружје.

## 3.5 НАМАЛУВАЊЕ НА ПОНУДАТА, ПОБАРУВАЧКАТА И ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ ПРЕКУ ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА, ОБРАЗОВАНИЕ, ИНФОРМИРАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ

3.5.1 Подигање на свеста на граѓаните за опасностите од употреба на мало и лесно оружје со цел намалена манифестација на оружјето во заедницата и промена на „културата кон оружјето“;
3.5.2 Зголемување на свеста кај лиценцираните физички и правни лица за опасноста од злоупотреба и нелегална пролиферација на огнено оружје / Зголемување на свеста за ризикот од пренасочување за производителите на огнено оружје, муниција и експлозиви;
3.5.3 Развивање одржливи партнерства за јакнење на лобирањето и информирањето, за да се допре до мултипликаторите на пораки;
3.5.4 Зголемување на довербата на јавноста во безбедносните институции и зголемување на комуникацијата и капацитетите за помош на јавните безбедносни институции.

# 4. НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА МЛО

## 4.1. Улога на Националната комисија за МЛО

*Примарната улога на Националната комисија за контрола на мало и лесно оружје е да планира, координира и спроведува мерки и активности за контрола на МЛО на национално ниво заради обезбедување на побезбеден амбиент и контрола врз малото и лесно оружје во општеството со што се создаваат услови за подобрување на општата безбедност во земјата.*

## 4.2. Задачи на Националната комисија за МЛО:

а) Идентификување, одредување и определување на влијанието на МЛО врз општеството, безбедноста и економско-социјалниот развој на земјата;
б) Определување на приоритетите во интервенцијата за контрола на МЛО и имплементација на НАП;
в) Утврдување и развивање на оперативните мерки на интервенцијата за контрола на МЛО кои произлегуваат од целта;
г) Развивање и проширување на "Националниот акционен план за МЛО";
д) Обезбедување на доволни извори и нивно мобилизирање каде што е потребно, за спроведување на Националниот акционен план за МЛО;
ѓ) Одобрување на деталните предлози за МЛО, интервенција од сите соодветни учесници[3], вклучувајќи ги законодавните прашања за поддршка на Националниот акционен план за МЛО;
е) Координирање на активностите на сите соодветни учесници за поддршка на Националниот акционен план за МЛО;
ж) Доставување навремени информации до сите соодветни учесници за поддршка на Националниот акционен план;
з) Набљудување на сите компоненти на преземени мерки и активности за МЛО за поддршка на Националниот акционен план за МЛО;
ѕ) Оценување на сите компоненти на мерките и актвностите за МЛО во поддршка на Националниот акционен план за МЛО;
и) Ажурирање на Националниот акционен план за МЛО согласно со променетите услови;
ј) Известување за преземените мерки и активности за МЛО до Одделот за Разоружување на ОН во согласност со Планот за акција за МЛО на ОН [4];

---

[3] *Соодветните учесници можат да ги вклучат, меѓу другите, и ресорните министерства, Организациите на Обединетите нации (UN DDA, UNDP, UNICEF, UNIFEM), NATO (NAMSA), Мисии на ОБСЕ, ЕУ Мисија, НВО и организации на цивилното општество.*

[4] *Програмата за Акција на ОН за превенција, борба и искоренување на недозволената трговија со МЛО во сите аспекти, Јули 2001.*

к) Известување за преземените мерки и активности за МЛО до ОБСЕ во согласност со Документот на ОБСЕ за МЛО [5];

л) Спроведување на Програмата за Акција на ОН за превенција, борба и искоренување на недозволената трговија со МЛО од сите негови аспекти; на Документот на ОБСЕ за МЛО; на Документот на ОБСЕ за складирање на конвенционална муниција и која било санкција на ОН и рестриктивна мерка на ЕУ кои се однесуваат на извозот на МЛО.

љ) Организирање работни состаноци, чија динамика ја одредува претседателот на Националната комисија за МЛО.

м) Доставување годишен извештај до Владата на Република Македонија за нејзината работа и прогресот направен во однос на спроведените оперативни мерки дефинирани во Националната стратегија и Акциониот план.

## 4.3. Состав на Националната комисија за МЛО

Составот на Националната комисија за МЛО го определува Владата на Република Македонија со одлука, а на предлог на соодветните министерства и други институции.

Релевантни учесници кои се застапени во Националната комисија за МЛО се:

а) Министерство за внатрешни работи; (претставници од релевантните служби кои работат на ова прашање)

б) Министерство за надворешни работи;

в) Министерство за одбрана;

г) Министерство за финансии - Царинска управа на РМ;

д) Министерство за правда;

ѓ) Министерство за образование и наука;

е) Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;

ж) Министерство за економија;

з) Министерство за труд и социјална политика;

Учесници кои учествуваат на покана на Националната комисија за МЛО:

з) Министерство за локална самоуправа ;

и) Министерство за здравство;

ј) Основно јавно обвинителство;

к) Агенција за млади и спорт и

л) Агенција за управување со одземен имот.

[5] *Документ на ОБСЕ за МЛО, 24 Ноември 2000.*

Во работата на Националната комисија за контрола на мало и лесно оружје по потреба, односно кога ќе се оцени дека одредено прашање што е на дневен ред на НК за МЛО треба да се разгледува, а има допирни точки со нивната работа се повикуваат претставници од следниве организации:

- Претставник од невладина организација (НВО) и
- Други меѓународни организации кои директно го имплементираат проектот за МЛО интервенција.

Претседател на Националната комисија е лице на висока раководна функција во МВР (Државен секретар или Директор на Бирото за јавна безбедност).

За исполнување на своите активности и одговорности во процесот на контрола на пролиферацијата на мало и лесно оружје на територијата на Република Македонија, во составот на Националната комисија за контрола на мало и лесно оружје се определува и национално контакт лице.

## 5. НАДЗОР И ОЦЕНУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

Надзорот и оценувањето се во надлежност на сите министерства и институции кои се вклучени во имплементација на Националната стратегија за контрола на мало и лесно оружје.

Националната комисија за контрола на мало и лесно оружје еднаш годишно ќе изготвува извештај за степенот на имплементација на Акциониот план и предвидените стратешки цели, што ќе биде составен дел на Годишниот извештај за работата на Националната комисија за контрола на мало и лесно оружје.

Доколку има потреба, Националната комисија може да предложи и дополнителни мерки и активности, а во насока на ефикасно спроведување и имплементација на Националната стратегија за контрола на мало и лесно оружје и Акциониот план.

# НАЦИОНАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН (МЛО) 2017-2021

| 1. СПРОВЕДУВАЊЕ КОНТРОЛА НА ПРОМЕТ И ПРОИЗВОДСТВО НА ЛЕГАЛНО ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ | АКТИВНОСТ | ВОДЕЧКИ МИНИСТЕРСТВА И ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И УЧЕСНИЦИ | ПЕРИОД | БУЏЕТСКА ПРОЦЕНКА | ИЗВОРИ НА ФИНАСИСКИ СРЕДСТВА | КЛУЧНИ ИНДИКАТОРИ НА УСПЕШНОСТА |
| 1.1. | Воспоставување законска и подзаконска рамка во врска со огненото оружје, муницијата и експлозивите за цивилна и за воена употреба (вклучително и за легално поседување, деактивирање, складирање, производство, малопродажба, трговија, транзит, увоз-извоз, обука, обележување, неконвертибилно оружје, пронаоѓање, водење евиденција и надзор) и нејзино усогласување со стандардите на ООН, ОБСЕ и ЕУ | -Да се формира работна група за измена и дополнување на Законот за оружјето и да се подготват измени и дополнувања на Законот и нивно усвојување (усогласување со Директива (ЕУ) 2017/853 на Европскиот парламент и на Советот од 17 мај 2017 година за изменување на Директивата 91/477/ЕЕЗ на Советот за контрола на стекнување и поседување оружје).<br>-Да се формира работна група за измена и дополнување на Законот за вооружување и воена опрема и да се подготват измени и дополнувања на Законот и нивно усвојување.<br>-Да се подготват измени и дополнувања на Закон за обележување, испитување и жигосување.<br>- Да се подготви Закон за заштита и промет со експлозивни материи.<br>- Да се подготви подзаконски акт со кој поблиску ќе се уредат техничките спецификации за деактивирање на огнено оружје, формата и содржината на образецот за означување на деактивираното оружје и формата и содржината на образецот на потврдата за деактивирање на огнено оружје. | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за правда<br>Министерство за економија<br>Министерство за финансии - Царинска управа<br>Министерство за одбрана | 2021<br>—<br>2019<br>2021<br>2019 | Административни и финансиски трошоци<br>техничка помош | Буџет на РМ<br>Средства од SEESAC<br>и средства од ЕУ | *Формирана работна група за измена и дополнување на Законот за вооружување и воена опрема*<br>*Формирана работна група за донесување на нов закон за заштита и промет со експлозивни материи.*<br>*Формирана работна група за донесу-вање на Правилник за деактивација на оружје.* |
| 1.2. | Усогласување на категоризацијата на оружје и релевантната законска рамка, што придонесува за директна оперативна соработка | Учество во панорамски преглед на законите кои се однесуваат на оружјето, кривичните законици | | 2021 | | Техничка поддршка SEESAC/ЕУ | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.3. | Национална контрола врз прометот и производството на мало и лесно оружје и аксплозиви за цивилна употреба | Правилник за внатрешна контрола на правните лица кои се занимаваат со производство на оружје и муниција | правни лица | 2019 | | Буџет на правните лица | |
| 1.4. | Национална контрола врз увозот, извозот и транзитот на мало и лесно оружје, како и контрола врз посредувањето на трговијата со оружје, експлозиви за цивилна употреба и прекурзори | Преземање на мерки и активности за поврзување на гранична полиција со софтверот за оружје;<br>Да се спроведе обука за службеници за лиценцирање за проценка на ризик, лиценцирање и издавање потврди за крајниот корисник;<br>Да се спроведе проценка на ризик на секој трансфер;<br>Да се работи и со персоналот во амбасадите на прашања поврзани со верификувањето на доставата и после доставата;<br>Да се воспостават договори за верификација после испораката со релевантните земји;<br>Да се направи верификација после испораката;<br>Да се спроведе обука за проценка на ризик од злоупотреба за извезеното оружје според меѓународните стандарди;<br>Да се изработат и објават годишни извештаи за извоз на оружје како и периодични извештаи кои ги бараат меѓународните договори (кои треба да ги подготви секоја земја);<br>Да се идентификуваат и изработат алатки коишто се потребни за да се олесни транспарентноста на извозот на оружје;<br>Да се воспостави надзорен механизам за контрола и продажба на прекурзори и пријавување на сомнителни трансфери;<br>Да се направи физибилити студија за употреба на  прекурзори | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за економија<br>Министерство за финансии-Царинска управа<br>Министерство за одбрана<br>Министерство за здравство<br>Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 2017-2021 | | Меѓународна помош<br><br>Буџет на РМ | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.5. | Унапредување на капацитетите и способностите за обележување, пронаоѓање и водење евиденција на МЛО | - Да се изготви и спроведе СОП за пронаоѓање на огнено оружје, муниција и експлозиви и да се определи институција за контакт точка<br>- Да се спроведе обука за обучувачи за идентификување и пронаоѓање на огнено оружје и муниција<br>-Да се обезбеди потребната технологија за пронаоѓање на муниција (CartWinPro)<br>- Полициската служба редовно да внесува податоци за изгубено и украдено огнено оружје во Евиденцијата на ИНТЕРПОЛ за нелегално оружје, во рамки на Системот за управување со пронаоѓањето (iARMS);<br>- Да се направи проценка за користењето на Etrace;<br>- Да се пополни регионалната алатка за идентификување на огнено оружје, муниција и експлозиви базирана на информации за сите регионални и меѓународни производители;<br>- Да се направи проценка од капацитетите и практиките за обележување во времето на производство и во пост-производство;<br>- Да се воспостави технологија за обележување во пост-производството.<br>-Обука на лицата кои ќе вршат обележување<br>- Обука на лицата за определување на категоризација и карактеристики на оружјето. | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за економија | 2017-2021 | | Меѓународна помош<br>Буџет на РМ<br>SEESAC/<br>ЕУ | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.6. | Целосно интегрирање на прашањата на родот и возраста во политиките за контрола на МЛО/огнено оружје и обезбедување значајно учество на жените во контролата на МЛО/огнено оружје. | - Да се спроведе обука за родовите аспекти на МЛО/огненото оружје за членовите на комисиите за МЛО и сите други институции задолжени за спроведување на политики за контрола на МЛО/огнено оружје;<br>- Да се спроведат предвидените мерки со измените на Закон за оружје од 2018 година кои се однесуваат на злоупотребата на огненото оружје во случаи на семејно насилство;<br>- Да се изработат и спроведат превентивните мерки за да се осврнеме на влијанието на родовите улоги и доминантните форми на машкост во поттикнувањето на побарувачката и злоупотребата на огнено оружје особено кај младите мажи. | Министерство за труд и социјална политика<br>Партнерство со медиумите | 2021 | | Буџет на РМ<br>UNDP<br>SEESAC<br>ЕУ | |
| *1.7.* | Имплементација на ново софтверско решение за регистрација на оружје и издавање на дозволите за оружје на правни и физички лица, како и воспоставување комјутеризиран систем за евидентирање на дозволите за увоз, извоз и транзит и систем за on-line следење на оружјето кое се наоѓа на територијата на Република Македонија со вклучување на магацините за оружје на правните лица | Обезбедување на информатичка опрема за имплементација на новото софтверско решение (60 компјутери за Министерство за внатрешни работи, 50 скенери и 60 печатари за изготвување на дозволи за оружје, сервер за правните лица, лиценци, одржување на серверот)<br>Спроведување на обуки за гранична полиција и за лиценцираните правни лица кои имаат дозвола за промет и производство со оружје, како и обуки на цивилните стрелишта<br>Имплементација на нови функционалности во Софтверот со оружје предвидени со измените на Законот за оружјето од 2018 година. | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за финансии-Царинска управа<br>Правни лица овластени за промет со оружје | 2019<br><br>2019 | | Буџет на РМ<br><br>Меѓународна помош | *Изготвен софтвер*<br>*Извршена делумна обука на вработените од МВР* |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.8. | Информирање за активностите на Националната комисија за контрола на мало и лесно оружје / Зајакнување на нејзината улога | Одржување редовни состаноци на Комисијата<br>Поднесување годишни извештаи до Владата на Република Македонија<br>Дополнување на веб-страницата на Министерството за внатрешни работи за потребите на Националната комисија за контрола на мало и лесно оружјето или изготвување нова веб страна (со помош од меѓународна организација) | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за економија<br>Министерство за одбрана<br>Министерство за финансии-Царинска управа | Секој втор месец<br>Еднаш годишно<br>2021 | | Буџет на РМ<br>Меѓународна помош | *Поднесен Годишен извештај до Владата на Република Македонија за 2017 година* |
| | **2.** БОРБА ПРОТИВ НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ И СПРЕЧУВАЊЕ НА ВООРУЖЕНИ ИНЦИДЕНТИ, ПРОЛИФЕРАЦИЈА, ДИВЕРЗИЈА И ИЛЕГАЛНО ПОСЕДУВАЊЕ | | | | | | |
| | КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ | АКТИВНОСТ | ВОДЕЧКИ МИНИСТЕРСТВА И ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И УЧЕСНИЦИ | ПЕРИОД | БУЏЕТСКА ПРОЦЕНКА | ИЗВОРИ НА ФИНАСИСКИ СРЕДСТВА | *ИНДИКАТОРИ* |
| 2.1. | Следење и анализа на состојбата на криминалитетот поврзан со оружјето, муницијата и експлозивите, со податоци распределени по род и возраст | Да се институционализира методологија за собирање податоци во сите засегнати институции во врска со дистрибуцијата и последиците од огнено оружје, муниција и експлозиви, при што податоците ќе бидат распределени по род и возраст<br>Да се спроведе обука за спроведување на дистрибуција и собирање на податоци за последиците<br>Да се спроведе обука за родова статистика и родово чувствително собирање на податоци | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за одбрана<br>Министерско за економија<br>Министерство за правда<br>Министерство за финансии – Царинска управа<br>Основно јавно обвинителство<br>Министерство за здравство<br>Академија за судии и јавни обвинители<br>Министерство за труд и социјална политика | 2021<br>2021<br>2021 | | Буџет на РМ | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2. | Зголемување на националните аналитички капацитети и институционализирање на анализата на податоци за огнено оружје | Да се спроведе обука за изработка на кривична анализа и анализа на кривични дела извршени со огнено оружје<br>Изработка на кривична анализа и анализа на кривични дела извршени со огнено оружје<br>Да се спроведе обука за родова анализа на податоци за огнено оружје и кривични дела извршени со огнено оружје<br>Да се изработува периодична анализа на ризикот и проценка на заканите<br>Да се изврши анализа на потребите за аналитичари и да се зголеми бројот на истите согласно меѓународните стандарди | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за правда<br>Министерство за финансии – Царинска управа<br>Основно јавно обвинителство<br>Академија за судии и јавни обвинители | 2021<br>2021<br>2021<br>2021 | | Буџет на РМ | |
| 2.3. | Институционализирање на систематското собирање кривично-правосудни податоци во секторот на кривичното правосудство (полиција и царина, јавно обвинителство, судови и казнено-поправни установи)/ Воспоставување систем за собирање на податоци во сите засегнати институции во врска со дистрибуцијата на последиците од огнено оружје | Да се формира меѓуинституционална работна група (составена од полиција, царина, јавно обвинителство, судови, казнено-поправните установи) за воспоставување водење на евиденција;<br>Договарање на заедничка методологија за собирање на податоци и утврдување на институцијата која ќе биде одговорна за собирањето;<br>Да се воспостави водење евиденција на податоци поврзани со оружје;<br>Да се поднесуваат периодични извештаи од евиденцијата до домашните институции и на барање на меѓународните институции; | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за правда<br>Министерство за финансии – Царинска управа<br>Јавно обвинителство на Република Македонија<br>Судски совет на Република Македонија<br>Врховен суд на Република Македонија | 2021<br>2021<br>2021<br>2021 | | Буџет на РМ<br>Меѓународна помош | |
| 2.4. | Обезбедување размена на оперативни и стратешки информации, податоци, разузнавачки информации, како и докази со Европол, Фронтекс, Еуроџаст и Интерпол | Да се изработи СОП за оперативна и стратешка размена на информации<br>Да се разгледа можноста за регионално договорена задолжителна размена на податоци за сите корисници од ЗБ со што ќе се овозможи подобрување на проактивните истраги на национално, регионално и меѓународно ниво<br>Да се спроведе регионално договорена процедура за размена на балистички информации | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за финансии – Царинска управа | 2021<br>2021 | | Буџет на РМ | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.5. | Зголемување на капацитетите на судството и обвинителството за истрага, гонење и судење на кривични дела поврзани со огнено оружје | -Да се развијат и институционализираат практики и процедури за кривични дела поврзани со оружје<br>- Да се направи проценка на судските практики за кривични дела поврзани со огнено оружје | Министерство за правда<br>Јавно обвинителство на РМ<br>Академија за судии и јавни обвинители<br>Врховен суд на Република Македонија | | | Мин. За правда – АСЈО<br>Маѓународна поддршка | |
| 2.6. | Намалување и прекинување на трансферот и недозволената трговија, вклучувајќи го и криминалитетот со оружје на интернет – dark web / Зголемување на капацитетите за откривање, идентификување и истражување заради спречување на трговија со огнено оружје, муниција и експлозиви | Да се подготват и спроведат процедури за откривање, анализа, идентификување и истрага на огненото оружје, муницијата и експлозивите;<br>Да се спроведе стручна обука (вклучително воведна и напредна) за откривање, анализа, идентификување и истрага на огнено оружје, муниција и експлозиви за органите на прогонот (гранична полиција, крим-техника, полиција и царина);<br>Да се набави опремата што е потребна за откривање, анализа, идентификување и истрага на огнено оружје, муниција и експлозиви (зелената граница и граничните премини) врз основа на анализата на силите на терен и проценката на потребите од опрема;<br>Да се спроведе обука на полициските и царинските службеници за следење на црниот интернет<br>I arms Tracing– следење на оружјето во борбата против нелегалната трговија со оружје | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за финансии-Царинска управа | 2017-2021 | | Меѓународна помош | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.7. | Значително зголемување на бројот на запленети парчиња огнено оружје, муниција и експлозиви / Зголемување на капацитетите за полициска работа заснована на разузнавачки информации во однос на нелегалното поседување на огнено оружје/МЛО | Да се собираат информации во врска со нелегалното поседување преку анализа на отворени извори, користење на информатори и други редовни канали за информирање;<br>Да се спроведат таргетирани операции засновани на развиените профили на проблеми во врска со нелегалното поседување на огнено оружје, муниција и експлозиви;<br>Да се развијат и институционализираат процедури за идентификување, профилирање на ризик, откривање, споделување на информации и пријавување на огнено оружје, муниција и експлозиви како и на соодветни програми за обука;<br>Да се спроведе обука за откривање на огнено оружје, муниција и експлозиви за сообраќајната полиција и полицијата која работи на истражување криминал;<br>Обезбедување на капацитети со единица со кучиња и опрема за откривање согласно идентификуваните потреби; | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за финансии-Царинска управа | 2021 | | Буџет на РМ<br>Меѓународна помош | |
| 2.8. | Уништување на пронајдено, запленето и конфискувано оружје, муниција и експлозиви / Систематско и јавно уништување на целото конфискувано огнено оружје, муниција и експлозив | Да се изработат СОП-ви за уништување засновани на меѓународни стандарди вклучително и за балистичко испитување, пронаоѓање и водење евиденција;<br>Да се изработи оперативен план на активности за уништување вклучувајќи и комплет за медиумите;<br>Да се спроведува периодично и јавно уништување на конфискувано огнено оружје, муниција и експлозив на лиценцирани локации во согласност со одобрените СОП-и;<br>Спроведување на еколошка проценка на локациите за уништување. | Агенција за управување со одземен и конфискуван имот<br>Министерство за внатрешни работи<br>Дирекција за заштита и спасување<br>Министерство за одбрана<br>Министерство за финансии-Царинска управа<br>Мин. за правда | 2021 | | Буџет на РМ<br>SEESAC и останати партнери | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.9. | Унапредување на начинот на управување со залихи, намалување на вишоците и нивно уништување на еколошки безопасен начин, во согласност со IATG и/или други меѓународни стандарди | Спроведување на редовни пресметки на вишокот огнено оружје, муниција и експлозив;<br>Изработка на СОП врз основа на меѓународни стандарди за демилитаризација и уништување;<br>Спроведување на периодично уништување/отстранување на огнено оружје, муниција и експлозив на лиценцирани локации за демилитаризација и отстранување во согласност со одобрените СОП-и;<br>Спроведување на еколошка проценка на локациите за уништување;,<br>Спроведување обука за ракување со оружјето во магацините<br>Намалување на бројот на магацините, надградба на постојните магацини<br>Анализа на состојбата на нашите складишта<br>Софтвер, опрема за централна база на податоци во врска со оружјето во магацините-магацини за оружје, муниција и експлозиви | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за одбрана<br>Министерство за правда<br>Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 2017-2021 | | Меѓународна помош | |
| 2.10. | Воспоставување на национална точка за размена на оперативни информации за оружје во согласност со Акциониот план на Европската унија | Лиценци IBASE и IBRIDGE<br>Обука на аналитика | Министерство за внатрешни работи | 2021 | | Буџет на РМ<br>SEESAC | *Воспоставени 4 национални оперативни контакт точки* |
| 2.11. | Спроведување акции за доброволно предавање и собирање на оружје и негова легализација | Спроведување на кампањи/настани зса легализација на оружје<br>Спроведување обуки за кампања за организациската единица во МВР за односи со јавност<br>Соработка со IARMS и Европол во однос на сопственоста на оружјето и информации за оружјето во однос на тоа дали е украдено | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за одбрана<br>Министерство за локална самоуправа | 2019 | | Буџет на РМ<br>Меѓународна помош | *Донесени измени и дополнувања на Законот за оружјето, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.97/18* |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.12. | Подигнување на свеста за деактивирањето како средство за легализација на огнено оружје со цел намалување на недозволеното поседување на огнено оружје | Да се вклучи креирањето свест за деактивирање во рамките на кампањите за доброволно предавање;<br>Да се предвиди обука на правните лица во Правилникот за деактивирање<br>Обука за комисиите во рамките на МВР за деактивирање<br>Експертска обука за деактивирање и ибука на правните лица | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за локална самоуправа | 2021 | | Буџет на РМ<br>Меѓународна помош<br>Правни лица | |
| 2.13. | Зголемување на административните капацитети и насочени активности за целосно пререгистрирање во предвидениот законски временски рок, како и осврнување на соодветно пронајденото и наследено огнено оружје. | Да се спроведе обука и помош за административниот персонал којшто е задолжен за пререгистрирањето на огнено оружје;<br>Да се спроведат активности за подигнување на свеста во врска со пререгистрирањето на огнено оружје.<br>Кампања на државно и локално ниво<br>Обезбедување компјутерска опрема, печатар и печатари за дозволи<br>Да се развие алатка за идентификација на оружје | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за локална самоуправа | 2021 | | Буџет на РМ<br>Меѓународна помош | |
| 2.14. | Координирани активности на собирање податоци во случај на семејно насилство поврзано со употреба или закана со оружје | Да се разгледаат актуелните политики и практики и да се воспостават мерки кои ќе се осврнат на злоупотребата на огненото оружје во случаи на семејно насилство и насилство врз интимен партнер;<br>Остварување соработка со невладини организации | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за здравство<br>Министерство за труд и социјална политика<br>Министерство за правда<br>МОН<br>Невладини организации и други релевантни државни институции кои во своето работење имаат допирни точки со материјата за мало и лесно оружје | 2017-2021 | | Меѓународна помош | |

| 3. СОРАБОТКА И КООРДИНАЦИЈА НА НАЦИОНАЛЕН, РЕГИОНАЛЕН И МЕЃУНАРОДЕН ПЛАН | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ | АКТИВНОСТ | ВОДЕЧКИ МИНИСТЕРСТВА И ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И УЧЕСНИЦИ | ПЕРИОД | БУЏЕТСКА ПРОЦЕНКА | ИЗВОРИ НА ФИНАСИСКИ СРЕДСТВА | ИНДИКАТОРИ |
| 3.1. | Соработка со релевантни национални, регионални и меѓународни организации / Зајакнување на билатералните, регионалните и меѓународните механизми | Редовно да се придонесува за регионалните процеси и механизми, процесот на Националната комисија за МЛО, RASR, EMPACT, SEEFEN, SEEFEG, RACVIAC, RIEP, EU P2PO, SEESAC<br>Да се учествува и да се придонесува на Деновите на заедничка акција<br>Да се учествува и да се придонесува во операциите со кои раководи Интерпол<br>Да се организираат и да се учествува во курсевите за обука на TAIEX и CEPOL и програмите за размена на CEPOL<br>Да се направи проценка на потребите за да се воспостават заеднички гранични станици и патроли<br>Соработка со Европол, Фронтекс и Еуроџаст | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за надворешни работи<br>Министерство за правда – Јавно обвинителство<br>Министерство за економија<br>Министерство за одбрана<br>Министерство за финансии- Царинска управа | 2021 | | Меѓународна помош | |
| 3.2. | Поднесување извештаи до национални, регионални и меѓународни организации | Изработка на годишни извештаи според обврските од меѓународните организации, вклучително ОН, ОБСЕ, ЕУ, SEESAC. | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за надворешни работи<br>Министерство за економија<br>Министерство за одбрана<br>Министерство за правда | 2017-2021<br>континуирано или по барање | | Буџет на РМ | |
| 3.3. | Имплементација, изменување и дополнување на билатерални и меѓународни договори | Реализација и следење на преземените обврски од склучени договори | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за надворешни работи<br>Министерство за правда<br>Министерство за финансии- Царинска управа | 2017-2021 | | Буџет на РМ | |

| 4. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ВО БОРБА ПРОТИВ НЕЛЕГАЛНАТА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ | *АКТИВНОСТ* | *ВОДЕЧКИ МИНИСТЕРСТВА И ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И УЧЕСНИЦИ* | ПЕРИОД | БУЏЕТСКА ПРОЦЕНКА | ИЗВОРИ НА ФИНАСИСКИ СРЕДСТВА | ИНДИКАТОРИ |
| 4.1. | Учество во релевантни тренинг центри од регионален и меѓународен карактер | Следење на обуките и праќање соодветен кадар на истите со цел постигнување ефикасност<br>Учество на обука во специјализирани тренинг центри за инспектори кои работат во обласга на недозволена трговија со огнено оружје и муниција (ЦЕА, Aranjez) | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за правда<br>Министерство за одбрана<br>Министерство за финансии – Царинска управа<br>Министерство за економија<br>Други релевантни институции по потреба кои во своето работење имаат допирни точки со материјата за мало и лесно оружје | 2017-2021 | | Средства од буџет на соодветното министерство или донации од странски организации | |
| 4.2. | Учество на регионални и меѓународни конференции и семинари во областа на мало и лесно оружје | Следење на обуките и праќање соодветен кадар на истите со цел постигнување ефикасност | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за правда<br>Министерство за одбрана<br>Министерство за финансии – Царинска управа<br>Министерство за економија<br>Други релевантни институции по потреба кои во своето работење имаат допирни точки со материјата за мало и лесно оружје | 2017-2021 | | Средства од буџет на соодветното министерство или донации од странски организации | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3. | Стручни обуки во областа на мало и лесно оружје | Проценка на потребите за обука<br>Обука на обучувачи со цел одржливост на решенијата<br>Стручни обуки за ПС кои работат во областа на сузбивање на криминалот со оружје воопшто<br>Обука за обезбедување на местото на настанот и преземање на натамошни мерки и активности (за полициски службеници кои први излегуваат на терен и за форензичари)<br>Обуки за методологија на откривање на кривично дело недозволена трговија со огнено оружје, муниција и експлозиви<br>Обука за водење истраги и примена на ПИМ за откривање на кривично дело недозволена трговија со огнено оружје, муниција и експлозиви<br>Обука за откривање на кривични дела од областа на недозволена трговија со огнено оружје , кои се вршат преку социјалните мрежи (darkweb) | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за правда<br>Министерство за одбрана<br>Министерство за финансии – Царинска управа<br>Министерство за економија<br>Други релевантни институции по потреба кои во своето работење имаат допирни точки со материјата за мало и лесно оружје | 2017-2021 | | Средства од буџет на соодветното министерство или донации од странски организации | |
| 4.4. | Анализа на потребата од набавка на соодветна техничка опрема за ефикасна борба против нелегалната трговија со оружје | Проценка на технологијата која ни е потребна, кога е истата потребна, за каде и зошто<br>Соодветна опрема за организиран криминал | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за финансии – Царинска управа<br>Министерство за економија<br>Други релевантни институции по потреба кои во своето работење имаат допирни точки со материјата за мало и лесно оружје | 2021 | | Буџет на РМ<br>Меѓународна помош/TAIEX или EMPACT | |

| 5. НАМАЛУВАЊЕ НА ПОНУДАТА, ПОБАРУВАЧКАТА И ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ ПРЕКУ ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА, ОБАЗОВАНИЕ, ИНФОРМИРАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ | АКТИВНОСТ | ВОДЕЧКИ МИНИСТЕРСТВА И ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И УЧЕСНИЦИ | ПЕРИОД | БУЏЕТСКА ПРОЦЕНКА | ИЗВОРИ НА ФИНАСИСКИ СРЕДСТВА | ИНДИКАТОРИ |
| 5.1. | Подигање на свеста на граѓаните за опасностите од употреба на мало и лесно оружје со цел намалена манифестација на оружјето во заедницата и промена на „културата кон оружјето“ | Да се спроведе анализа на релевантните таргетирани групи за свесноста преку Извештај за анализа на кривични дела извршени со оружје;<br>Да се подготват и спроведат кампањи за подигање на свеста фокусирани на специфични групи и/или кои за цел имаат конкретно однесување (момчиња, ловци, пукање на прослави, семејно и родово засновано насилство, приватно обезбедување, центри за обука, и сл.);<br>Да се спроведе обука за родово чувствителна комуникација<br>Во рамките на образованието да се вклучат активности за намалување на насилството меѓу младите; | Министерство за внатрешни работи<br>Агенција за млади и спорт<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за локална самоуправа<br>Министерство за труд и социјална политика | по потреба | | Буџет на РМ<br>Меѓународна помош | |
| 5.2. | Зголемување на свеста кај лиценцираните физички и правни лица за опасноста од злоупотреба и нелегална пролиферација на огнено оружје / Зголемување на свеста за ризикот од пренасочување за производителите на огнено оружје, муниција и експлозиви | Да се изработи и спроведе интерна програма за придржување на прописите за производителите; | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за финансии – Царинска управа<br>Министерство за одбрана<br>Министерство за надворешни работи<br>Министерство за економија | 2021 | | Меѓународна помош | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.3. | Развивање одржливи партнерства за јакнење на лобирањето и информирањето, за да се допре до мултипликаторите на пораки | Да се организираат периодични работилници со граѓанското општество и претставници на медиумите за подигање на нивото на свест и знаење за злоупотребата и нелегалното поседување<br>Да се спроведат таргетирани работилници со новинари<br>Да се воспостават формални канали за комуникација меѓу единиците за комуникација на институциите и медиумите | Министерство за внатрешни работи | 2021 | | | |
| 5.4. | Зголемување на довербата на јавноста во безбедносните институции и зголемување на комуникацијата и капацитетите за помош на јавните безбедносни институции | Органите на прогонот заедно со советите за безбедност да се спроведуваат редовни истражувања во заедницата за да се идентификуваат безбедносните потреби на локалната заедница и проблемите поврзани со закани со огнено оружје и воспоставување на јавни канали за информирање за одговорот;<br>Да се спроведат обуки за одделенијата за соработка со медиумите во рамките на безбедносните органи заради а) подобрување на комуникацијата со јавноста преку социјалните медиуми; б) стратешка комуникација за инциденти поврзани со огнено оружје<br>Програма за комуникациска обука за Комисијата за МЛО;<br>Да се подготви и институционализира истражување за перцепцијата во однос на користењето, поседувањето и опасноста од огнено оружје со податоци распределени по род и возраст. | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за локална самоуправа | 2021 | | Буџет на РМ<br>Меѓународна помош<br>SEESAC | |